**20250130335**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ ВО БАЗАТА НА РЕЦЕНЗЕНТИ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензентите за стручно вреднување на ракописи за учебници по соодветен предмет во основно, односно средно образование.

Член 2

Од страна на Педагошката служба во електронската база на рецезенти се запишуваат лица кои искажале интерес и ги исполнуваат условите согласно Законот за учебници за основно и средно образование.

Член 3

Ажурирањето на базата на рецезенти се врши во текот на целата година.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на избор, именување и разрешување на членовите на рецензентската комисија и начинот на работа на рецензентската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/09).

Член 5

Овој правилник влегува во сила  наредниот ден од денот  на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1013/1
20 јануари 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.